проф Зорко Ноќов

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ и МЕТОДИЈ“
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено 26-12-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03/ | 212-9 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-12028/4
24.10.2017 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13; 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Геотехничко инженерство и студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Геотехничко инженерство на Градежен факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Геотехничко инженерство и студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Геотехничко инженерство на Градежен факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 03/212-8 од 27.09.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 16-12028/1 од 28.09.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Геотехничко инженерство и студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Геотехничко инженерство на Градежен факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација бр. 1409-80/2 од 12.07.2017 година и 1409-80/3 од 12.07.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-12028/2 од 17.10.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв и втор циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 17.10.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-12028/3 од 19.10.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв и втор циклус студии по Геотехничко инженерство на Градежен факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Анета Трпевска**

Доставена до:
- **Примач**
- **Архива**

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити